safejournalists.net

# Индекс на безбедноста на новинарите на Западен Балкан

Република Северна Македонија – Наративен извештај 2022

# СОДРЖИНА

ПРАВНО И ОРГАНИЗАЦИСКО ОПКРУЖУВАЊЕ

9

ПРЕВЕНЦИЈА

21

ПРОЦЕС

32

ВИСТИНСКА БЕЗБЕДНОСТ

42

# Вовед

Индексот на безбедноста на новинарите на Западен Балкан (Индекс) е алатка заснована врз истражување, дизајнирана да ги мери и да ги следи промените во соодветното општествено и политичко опкружување на земјите од Западен Балкан што имаат директно или индиректно влијание врз безбедноста на новинарите и медиумските професионалци додека ја практикуваат својата професија. Индексот се потпира врз истражувачки податоци собрани и анализирани од партнерите на платформата SafeJournalists.net, врз основа на ригорозна истражувачка процедура. Собраните податоци за различни димензии на сложениот концепт на „безбедноста на новинарите“ се квантифицирани и агрегирани во композитен индикатор - Индекс на безбедност на новинарите, за да се измерат промените во седумте земји од Западен Балкан што настанале со текот на времето. Врз основа на податоците од истражувањето, девет членови на Советодавниот панел во секоја земја[1] ја оценуваа ситуацијата и доделуваа оценки за секој од 19-те индикатори во следните димензии:

(1) **Правно и организациско опкружување** – постоење и спроведување законски заштитни мерки релевантни за безбедноста на новинарите;

(2) **Превенција** – постоење и спроведување низа превентивни мерки што имаат директни ефекти врз заштитата и безбедноста на новинарите;

(3) **Процес** – однесувањето на државните институции и јавните функционери кон новинарите и ефикасноста на казнениот и граѓанскиот правосуден систем во однос на истрагите за закани и акти на насилство врз новинари;

(4) **Вистинска безбедност** – инциденти и случаи на различни форми на закани и акти на насилство врз новинари и медиуми.

1 Советодавниот панел во Северна Македонија го сочинуваат: Сали Мемед, Лејла Селман, Никола Оџаклиески, Леунора Калиќи, Жанета Здравковска, Анета Додевска, Горан Момироски, Марија Митевска и Ивана Настеска

Индексот е заеднички развиен од истражувачите на Институтот RESIS[2] со седиште во Скопје и партнерите на платформата Safejournalists.net: Независното здружение на новинарите на Србија, Здружението на новинарите од БиХ, Синдикатот на медиуми од Црна Гора, Здружението на новинарите на Македонија, Здружението на новинарите на Косово, Хрватското здружение на новинарите и независен истражувач од Албанија[3]. Оттаму, Индексот е резултат на заедничкиот напор на Платформата Safejournalists.net и ги опфаќа сите специфични прашања што локалните партнери ги утврдија како релевантни за контекстот во својата  земја.

Првата (пилот) година за развој на концептуалната рамка и методологијата за оценување, собирање и пресметување на индексот беше 2020 година. Овој извештај се однесува на состојбата во Северна Македонија во 2022 година и ги презентира подобрувањата или влошувањата на состојбата за секоја од четирите димензии, земајќи ја предвид оценката за 2021 година. Повеќе детали за теоретската рамка и за процедурата за развивање и пресметка на Индексот, како и сите извештаи за земјите од Западен Балкан може да се најдат на: (https://safejournalists.net/safety-index/).

2 Истражувачите на Институтот RESIS (www.resis.mk), Снежана Трпевска, Игор Мицевски и Љубинка Поповска Тошева ја развија концептуалната рамка за Индексот и моделот на негово оценување, пондерирање и пресметување.
3 Независен истражувач за платформата Safejournalists.net во Албанија е Блерјана Бино.

## ИНДЕКС НА БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ




| | 2021 | 2022 | | Главни нови промени за секоја димензија |
|---|---|---|---|---|
| 1. Правно и организациско опкружување | 4.28 | 4.17 | ↓ | Дел од најавените законски измени во насока на унапредување на безбедноста на новинарите и медиумските работници се случија во 2022 година но загрижува трендот на зголемување на бројот на предмети за клевета или навреда против новинари и медиуми во 2022 година споредбено со 2021 година. |
| 2. Превенција | 3.76 | 3.83 | ↑ | Во 2022 година имаше извесно подобрување во поглед на пристапот на новинарите до брзи и ефективни мерки за заштита на новинарите во случаи на закани и напади. Назначен е посебен обвинител при Основното јавно обвинителство, надлежен да го следи постапувањето во предметите во кои се нападнати новинари, а отворена е и посебна линија на која можат да се јават новинари. |
| 3. Процес | 3.31 | 3.31 | | Перцепцијата за соработката меѓу надлежните институции во 2022 година беше подобрена и резултираше со нивна ефикасност во откривањето на сторителите на нападите, но, сепак, сè уште не е на задоволително ниво. Истрагите се главно бавни и неефикасни, а за одделни напади врз новинари и воопшто не се покренати обвиненија. |
| 4. Вистинска безбедност | 4.17 | 4.09 | ↓ | Бројот на физички напади и закани кон новинари е зголемен споредбено со минатата година. Степенот на неказнивост за ваквиот тип напади сè уште е висок во земјава. Загрижува трендот на зголемување на онлајн-заканите кон новинарки. |
| **Индекс на безбедноста на новинарите** | **3.95** | **3.92** | **↓** | |

## — РЕЗИМЕ

### I. ПРАВНО И ОРГАНИЗАЦИСКО ОПКРУЖУВАЊЕ

- Општата оценка за овој индикатор во 2022 година е нешто полоша во споредба со претходната, првенствено поради трендот на зголемување на бројот на предметите за клевета или навреда против новинари и медиуми во 2022 година. Новинарите и оваа година не го оценуваат Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда како рестриктивен. Судовите не утврдиле вина на новинар во ниту една судска постапка за клевета или навреда и не пресудиле надоместок за штета за нарушен углед,

- Како и во претходната година, така и во 2022 година немаше промени во поглед на заштитата на

новинарските извори. Законите обезбедуваат добра заштита, а новинарите се чувствуваат слободни во контактирањето со новинарските извори. Сепак, мал е бројот на поединци кои во својство на укажувачи пријавуваат случаи на корупција кај надлежните институции или кај новинарите, што во крајна линија е неповолно и за самото новинарство.

- Состојбата во поглед на овој индикатор е нешто полоша во споредба со минатата година бидејќи државата сè уште не презела активности за воведување законска заштита од т.н. незасновани тужби против новинари и медиуми со цел финансиски да се исцрпат (SLAPP тужби). Таква пракса е регистрирана во земјава со неколку случаи, кои јасно укажуваат дека станува збор за обид на моќници да извршат притисок врз новинари. Споредено со 2021 година, во 2022 година е зголемен бројот на ваквите SLAPP тужби кон новинари и медиумски работници.

- Во 2022 година, состојбата во поглед на слободното вршење на новинарската професија е нешто полоша во споредба со претходната година, пред сè, поради неколкуте случаи на селективно акредитирање новинари од страна на институциите на власта, одбивањето да им дадат информации на новинарите или попречувањето при известувањето од важни настани. Активни се три професионални здруженија, но и натаму е важно да се работи на нивната одржливост. Немаше сериозни притисоци врз здруженијата, но постои отпор кај сопственици или менаџери на приватни медиуми, новинарите да се зачленуваат во новинарскиот синдикат и да основаат синдикални организации,

- Состојбата со работничките права и работниот статус на новинарите и во 2022 година не се подобри. Голем број новинари во приватните медиуми немаат потпишано договори за работа, работат прекувремено или нивните примања се ниски и нередовни. Новинарите во приватните медиуми се плашат да поведуваат судски постапки за мобинг или непочитување на работните права и да основаат синдикални организации во медиумите. Во јавниот радиодифузен сервис, состојбата е нешто подобра, новинарите имаат договори за работа, а постои и синдикална организација.

## II. ПРЕВЕНЦИЈА

- Во текот на 2022 година имаше извесно подобрување во поглед на пристапот на новинарите до брзи и ефективни мерки за заштита на новинарите во случаи на закани и напади. Назначен е посебен обвинител при Основното јавно обвинителство, надлежен да го следи

постапувањето во предметите во кои се нападнати новинари, а отворена е и посебна линија на која можат да се јават новинари. Сепак, телефонската линија при МВР, воведена во 2018 година за пријавување напади од страна на новинари, не профункционира ниту во 2022 година. Од регистрираните седум напади врз новинари, само за два беа завршени постапките со судска пресуда со која се санкционираат напаѓачите.

- Во текот на 2022 година немаше промени во поглед на пристапот на новинарите до мерки за физичка заштита во случаи на сериозни закани по нивната безбедност. Не е доволно јасно колку таквата процедура е практично применлива. Постојат одредби во законот, но постапката за проценка на ризикот не е јасно дефинирана.

- Во 2022 година, состојбата во поглед на овој индикатор не беше променета. И покрај мерките вградени во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, во пракса сѐ уште не беше воспоставен механизам за бесплатна правна помош за која било жртва на родово засновани напади и насилство, вклучувајќи ги и новинарките. До ЗНМ во 2022 година е пријавена само една закана кон новинарка, иако нивниот број е реално многу поголем.

- Има мало влошување на состојбата во поглед на овој индикатор, бидејќи се регистрирани примери на вербални напади врз новинари од страна на носители на јавни функции. Инаку, генерална оценка е дека во минатите години е воспоставена пракса на јавна осуда на нападите врз новинарите, но недостасува усогласеност во таквата пракса меѓу сите релевантни политички и владини претставници. Носителите на јавни функции главно се воздржуваат од вербални напади врз новинари, со исклучок на одделни случаи.

- Полицијата во текот на 2022 година покажала коректно однесување кон новинарите и медиумите во различни ситуации, па оттаму состојбата во поглед на овој индикатор е малку подобрена. Се внимава заедничките обуки со полициските службеници да содржат теми поврзани со човековите права, а меѓународните стандарди за однесувањето на полицијата кон новинарите и медиумските работници се вградени во законите и кодексите според кои работи полицијата.

## III. ПРОЦЕС

- Перцепцијата за соработката меѓу надлежните институции во 2022 година беше подобрена и резултираше со нивна ефикасност во откривањето на сторителите на нападите, но, сепак, сѐ уште не е на задоволително ниво. Јавните обвинители се мошне

инертни во поглед на отпочнувањето на постапките. Сè уште не се усвоени посебни упатства што можат да помогнат за поефикасно водење на истрагите. Мала позитивна промена е назначувањето посебна надлежна обвинителка што ќе го следи постапувањето во предметите во кои се нападнати новинари.

- Иако неказнивоста е сè уште голем проблем, постигнат е извесен напредок во 2022 година, пред сè поради брзото и ефикасно санкционирање на една сериозна закана и еден физички напад врз новинар и снимател. Сепак, останува проблемот на бавните и неефикасни истраги, а за одделни напади врз новинари и воопшто не се покренати обвиненија.

- Во текот на 2022 година не е забележано подобрување на заштитата на новинарите од онлајн-закани, од причина што надлежните институции не реагираа доволно брзо и ефикасно да се пронајде и санкционира сторителот на сериозна онлајн-закана по животот упатена преку социјалната мрежа Твитер.

- Состојбата, во поглед на транспарентноста на судските постапки во кои странките се новинари, е иста. Основниот граѓански и кривичен суд во Скопје не дава детални информации за судските постапки за нападите врз новинари. Судовите немаат практика да ја информираат јавноста за постапките поврзани со нападите врз новинари и медиуми. Постојниот информациски систем не дава можност за прецизно пребарување на минатите и тековните постапки во кои странките се новинари.

- Состојбата не е променета во споредба со минатата година. Судовите и надлежните институции, и покрај иницијативите на ЗНМ, сè уште немаат воспоставено квалитетни статистички системи, врз основа на кои можат да доставуваат прецизни податоци за сите судски постапки во кои странка се новинари или медиуми.

## IV. ВИСТИНСКА БЕЗБЕДНОСТ

- Во 2022 година имаше мало подобрување во поглед на ваквиот тип напади кон новинари и медиумски работници во земјава. За разлика од 2020 година и 2021 година, кога ЗНМ регистрираше седум, односно три напади од ваков тип, во 2022 година се регистрирани само два напади врз новинари. Споредбено од овие десет напади од ваков тип во изминативе две години во 2020 и во 2021 година, само два имаат судска разрешница. Ова јасно покажува дека степенот на неказнивост за ваквиот тип напади сè уште е висок во земјава.

- Земајќи предвид дека од овие четири напади од ваков тип во изминативе две години во 2020 и во 2021 година, само во еден случај има постапување од страна на Обвинителството и моментално постапката сè уште е во тек. Конкретно, станува збор за случајот од 2021 година, кога физичко лице, на својот фејсбук-профил Арбен Есати се заканува кон неколку онлајн-медиуми. И во овој случај евидентно е дека степенот на неказнивост за ваквиот тип напади сè уште е висок во земјава. За разлика од претходната година, кога ЗНМ имаше забележано само еден пример, во 2022 година се забележани два случаи на закани по животот и безбедноста на новинари.

- Споредбено со 2021 година, кога ЗНМ забележа само еден напад од ваков тип, во 2022 година има зголемување, односно регистрирани се три напади од ваков тип. Во 2022 е забележана позитивна пракса со спроведувањето на истрагата и постапувањето на правосудните органи во земјава. За разлика од претходните две години, 2020 и 2021, кога од три пријавени напади од ваков тип не постои ниту една судска разрешница, во 2022 година, за случајот со новинарот Неври Адеми и сниметелот Збулим Максути постои осудителна пресуда за напаѓачот.

- ЗНМ, во 2022 година не регистрираше напади од ваков тип. Споредбено со минатите години во оваа димензија, за овој индикатор ситуацијата останува непроменета.

# Правно и организациско опкружување

**4,17**



— ИНДИКАТОР 1.1

# Законските одредби поврзани со клеветата и нивната примена не создаваат застрашувачки ефекти врз новинарите и медиумите

**Резултат за 2021: 4,58 / Резултат за 2022: 4,34**

**Општата оценка за овој индикатор во 2022 година е нешто полоша во споредба со претходната, првенствено поради трендот на зголемување на бројот на предмети за клевета или навреда против новинари и медиуми во 2022 година. Новинарите и оваа година не го оценуваат Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда како рестриктивен. Судовите не утврдиле вина на новинар во ниту една судска постапка за клевета или навреда и не пресудиле надоместок за штета за нарушен углед..**

Делата навреда и клевета беа декриминализирани пред единаесет години, со усвојувањето на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда (ЗГОНК). Од анализата на примената на овој Закон во последниве неколку години, оценка на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и правните експерти е дека тужбите за клевета и навреда, со одделни исклучоци, не предизвикуваа притисок врз професионалното новинарство. Сепак, според ЗНМ, текстот на ЗГОНК содржеше одделни нејасни одредби, особено во поглед на тоа дека надоместоците за нематеријална штета беа премногу високи  и можеа да предизвикаат негативен ефект врз работата на новинарите. Затоа во 2020 година беа предложени измени и дополнувања на овој Закон, во поглед на три клучни прашања: (1) прецизирање на дефиницијата за делата клевета и навреда, како дела изнесени во јавност, според праксата на Европскиот суд за човекови права; (2) намалување на износите за надомест на штета (речиси десеткратно намалување), (3) допрецизирање на одговорноста за клевета, во смисла дека, освен новинарот, за клевета или навреда може да одговара и

авторот на изјавата, уредникот на медиумот или лицето што го заменува, како и физичкото лице што е сопственик на медиумот. Иако овие измени беа предложени во 2020 година, дури во ноември 2022 година беа изгласани од страна на Собранието и веќе се стапени во сила.

Во 2022 година, според податоците добиени од Основниот граѓански суд Скопје, бројот на тужби за клевета и навреда се зголеми, така што вкупниот број активни предмети во кои странка е новинар или медиум порасна на 54, за разлика од 2021 година, кога изнесуваше 20. Во текот на 2022 година, како и во претходните неколку години, ЗНМ нема регистрирано завршена судска постапка со која некој новинар бил осуден или била донесена судска одлука според која новинар, на тужителот треба да му исплати надоместок за нематеријална штета поради повреда на угледот и достоинството. Покрај тоа, самите новинари не го оценуваат Законот како рестриктивен, бидејќи бројот на предмети против новинари и медиуми до 2021 година се намалуваше, но, сепак, загрижува зголемувањето на бројот на тужби против новинари во 2022 година.

— ИНДИКАТОР 1.2

# Доверливоста на изворите на новинарите е загарантирана во законодавството и почитувана од властите

**Резултат за 2021: 4,80 / Резултат за 2022: 4,80**

**Како и во претходната година, така и во 2022 година немаше промени во поглед на заштитата на новинарските извори. Законите обезбедуваат добра заштита, а новинарите се чувствуваат слободни во контактирањето со новинарските извори. Сепак, мал е бројот на поединци, кои, во својство на укажувачи, пријавуваат случаи на корупција кај надлежните институции или кај новинарите, што во крајна линија е неповолно и за самото новинарство.**

Правото на заштита на новинарскиот извор во РСМ е уставна категорија, но се гарантира и со одредбите на Кривичниот законик, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Покрај тоа, со Законот за заштита на укажувачите се уредени прашањата на заштитеното пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите во врска со заштитеното пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите.

Како и годината пред тоа, и во 2022 година не беше регистриран ниту еден случај властите да вршеле притисок врз новинар да го открие својот извор, ниту, пак, да е санкциониран новинар поради тоа што одбил да го открие идентитетот на изворот на информации. ЗНМ нема регистрирано ниту случаи на одземање на опремата на новинар, ниту поинаков обид на властите во намера да го дознаат изворот на информации. Новинарите што работат на истражувачки теми поврзани со корупција или криминал, генерално се чувствуваат слободни во контактирањето со изворите на информации. Сепак, иако укажувачите (како важна група новинарски извори) се законски и институционално подобро заштитени, само мал број на своја иницијатива

пријавуваат случаи кај надлежните институции или кај новинарите. Тоа значи дека сè уште преовладува атмосфера на страв кај новинарските извори, што во крајна линија е неповолно и за самото новинарство.

— ИНДИКАТОР 1.3

# Другите закони се спроведуваат објективно и им овозможуваат на новинарите и на другите медиумски актери да работат слободно и безбедно

**Резултат за 2021: 4,37 / Резултат за 2022: 4,21**

**Состојбата во поглед на овој индикатор е нешто полоша во споредба со минатата година бидејќи државата сè уште не презела активности за воведување законска заштита од т.н. незасновани тужби против новинари и медиуми со цел финансиски да се исцрпат (SLAPP тужби). Таква пракса е регистрирана во земјава со неколку случаи, кои јасно укажуваат дека станува збор за обид на моќници да извршат притисок врз новинари. Споредено со 2021 година, во 2022 година е зголемен бројот на ваквите SLAPP тужби кон новинари и медиумски работници.**

Во 2022 година не се забележани примери на дискриминаторна или арбитрарна примена на други закони со цел да се ограничи слободата на новинарската работа. Не беа регистрирани ниту обиди да се замолчат новинари, врз основа на арбитрарна примена на законските одредби поврзани со ширење дезинформации, страв, паника или слично. Во 2022 година не е регистриран ниту случај на загрозување на безбедноста на новинарите при известување од протести.

Она што загрижува, сепак, е зголемувањето на бројот на тужбите чија цел е да се изврши притисок, заплашување или финансиско исцрпување на тужените, во случајов на новинари, со цел да се демотивираат или да се откажат од јавна критика (SLAPP тужби). Овие тужби, посебно кога се иницирани од политичари и од носители на јавни функции, можат да предизвикаат ефект на самоцензура кај новинарите. Во текот на 2022 година, ЗНМ регистрираше пет вакви случаи, сите поврзани со истражувачките видеостории на Истражувачката репортерска

лабораторија: „Швајцарски тајни" (финансиски криминал) и „Нечиста крв" (медицински третман на пациенти во време на пандемијата од корона вирусот). Во земјава не постојат законски заштитни механизми што ги штитат новинарите од ваквите тужби. Здружението на новинарите на Македонија нуди бесплатна правна помош и покривање на адвокатските трошоци за тужените новинари и медиуми.

— ИНДИКАТОР 1.4

# Новинарите се слободни да ја извршуваат својата професија и да основаат, да се здружуваат и да учествуваат во своите здруженија

**Резултат за 2021: 4,32 / Резултат за 2022: 4,14**

**о 2022 година, состојбата, во поглед на слободното вршење на новинарската професија, е нешто полоша во споредба со претходната година, пред сè поради неколкуте случаи на селективно акредитирање новинари од страна на институциите на власта, одбивањето да им дадат информации на новинарите или попречувањето при известувањето од важни настани. Активни се три професионални здруженија, но и натаму е важно да се работи на нивната одржливост. Немаше сериозни притисоци врз здруженијата, но постои отпор кај сопственици или менаџери на приватни медиуми, новинарите да се зачленуваат во новинарскиот синдикат и да основаат синдикални организации.**

Во 2022 година не беше забележан случај новинар да биде спречен или одбиен да известува од некој настан, поради тоа што немал акредитација или друг документ. Но, ЗНМ забележа случаи на селективно давање акредитации на новинари од страна на Владата, за настани чии организатори се Владата, министерства и други владини институции. Покрај тоа, имаше ситуации кога претставници на јавни институции одбиваа да им дадат информации на новинари или им го „отежнуваа“ известувањето од важни настани. Карактеристичен е случајот со однесувањето на судијката Наташа Тодорова од Граѓанскиот суд во Скопје кон новинарот Кристијан Ландов, за време на главната расправа за предмет во кој странки се агенцијата Макфакс и медиумот А1он.мк. Пред почетокот на судската расправа, судијката му ја побарала новинарската легитимација на Ландов, и откако било утврдено дека е уредно издадена од работодавачот, тој седнал во делот определен за јавност.

Кога судијката завршила со евидентирање и на другите присутни, со висок тон побарала од него да не снима, да го затвори компјутерот и да ја напушти судницата. Ландов одговорил дека не снима и дека има намера само да пишува белешки на компјутерот за да може точно да пренесе делови од јавната расправа. Судијката повторно му се обратила со висок тон, со зборовите: „Нема што вие да фаќате забелешки, судот води записник, не вие. Собирајте сè!“. За овој случај, новинарот Ландов, со поддршка на ЗНМ, поднесе претставка до Судскиот совет за однесувањето на судијката.

Пред 2019 година, во судските постапки за навреда и клевета, новинарите што работат во онлајн-медиумите немаа еднаков третман како новинарите во традиционалните медиуми, бидејќи, според толкувањето на судовите, онлајн-медиумите не беа опфатени со Законот за медиуми, па поради тоа не можат да се сметаат за медиуми. Во мај 2019 година, четирите апелациски судови во РСМ донесоа заклучок, според кој, онлајн-медиумите, кои како странки се јавуваат во постапките за навреда и клевета пред првостепените граѓански судови, мораат да имаат ист третман како и традиционалните медиуми. Сепак, во април 2021 година, Основниот граѓански суд во Скопје не го следеше овој заклучок и ја одби тужбата на новинарот Горан Трпеноски, кој известуваше за онлајн-медиумот sdk.mk за време на инцидентите во Собранието на РСМ на 27 април 2017 година. Во пресудата, судот образложил дека во тоа време, Трпеноски не бил новинар бидејќи работел во онлајн-медиум и оттаму нема право на надомест за нанесена штета поради претрпен страв. Незадоволен од пресудата, новинарот Трпеноски во 2021 поднел жалба против пресудата до Апелацискиот суд во Скопје, кој на 22 декември 2022 година донесе пресуда дека жалбата се одбива како неоснована и се потврдува првостепената пресуда.

Поголемиот дел од новинарите се организирани во професионални здруженија. Најголемо и најстаро здружение е Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), основано во 1946 година, член на Меѓународната федерација на новинари (IFJ) и на Европската федерација на новинари (EFJ). Годишното редовно Изборно собрание одржано во декември 2022 година беше најмасовно во споредба со сите претходни, на кое околу 485 редовни членови - новинари и медиумски работници - на демократски и фер начин го искажаа своето мислење за иднината на новинарството во земјава.

Новинарите и медиумските работници се организирани и во рамки на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници - ССНМ, кој не е дел од ниту една синдикална организација на национално ниво. Постои и посебен синдикат на јавниот радиодифузен сервис, кој не е дел од ССНМ. ССНМ е формиран во 2010 година

и е полноправен член на Меѓународната федерација на новинари (IFJ ), како и на Европската федерација на новинари (EFJ). ССНМ обединува новинари, видео и фотоновинари, но и други медиумски работници што се вклучени во процесот на продукција на содржини. Во моментов, ССНМ брои над 300 активни членови. Според претставниците на ССНМ, сопствениците и менаџерите на повеќето приватни медиуми (особено некои од телевизиите на државно ниво) вршат суптилни форми на попречување на новинарите да се зачленуваат во новинарскиот синдикат или да основаат синдикални организации во рамки на нивниот медиум.

Исто така, постои и Совет за етика во медиумите (СЕММ), кој е формиран во декември 2013 година. СЕММ е саморегулаторно тело, во кое врз доброволна основа членуваат голем број радиодифузни, печатени и онлајн-медиуми. СЕММ не се соочува со сериозни притисоци, но ова тело е сè уште ранливо поради проблеми поврзани со неговата одржливост и стабилност на долг рок. Затоа, како и на другите новинарски здруженија (ЗНМ и ССНМ), и на ова тело сè уште му е потребна силна поддршка од професионалната медиумска заедница, државата и од меѓународната донаторска заедница.

Новинарската професија во земјава не подлежи на лиценцирање и во текот на 2022 година немало обиди или иницијативи да се воведе тоа. Законот за медиуми, усвоен во 2013 година, содржи ограничувачка дефиниција за поимот новинар, но во праксата, сепак, не се регистрирани примери на ограничување поединци да работат како новинари.

— ИНДИКАТОР 1.5

# Работната позиција на новинарите е стабилна и заштитена на работното место

**Резултат за 2021: 3,34 / Резултат за 2022: 3,34**

**Состојбата со работничките права и работниот статус на новинарите и во 2022 година не се подобри. Голем број новинари во приватните медиуми немаат потпишано договори за работа, работат прекувремено или нивните примања се ниски и нередовни. Новинарите во приватните медиуми се плашат да поведуваат судски постапки за мобинг или непочитување на работните права и да основаат синдикални организации во медиумите. Во јавниот радиодифузен сервис, состојбата е нешто подобра, новинарите имаат договори за работа, а постои и синдикална организација..**

И во 2022 година, како и претходните години, не можеа да се најдат прецизни податоци за тоа колку новинари имаат потпишано договори за работа. Многу новинари во приватните медиуми имаат договори на определено време или хонорарни договори. Покрај тоа, и натаму работат прекувремени работни часови што не им се плаќаат, а работат без надоместок и за време на празници и викенди. Непочитувањето на правата од работен однос и ниските примања се најчестите проблеми со кои се соочува новинарската фела. Според податоците добиени од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), најголемиот дел од новинарите имаат месечни примања далеку под просечната плата во земјава, која во 2021 година изнесуваше 28.869 денари. Но, платата на најголемиот дел од младите новинари, според анкетата на ССНМ, не ја достигнува ниту оваа сума. Третина од анкетираните млади новинари одговориле дека се платени помеѓу 15.000 и 20.000 денари, нешто повеќе од десет отсто одговориле дека нивната плата е од 25.000 до 30.000 денари, а четвртина дека имаат плата повисока од 30.000 денари. Нешто подобра е состојбата во јавниот сервис, каде што просечната плата на новинарите изнесува околу 38.000 денари, иако се смета дека платите

на новинарите, особено тие што се со подолго искуство, се пониски од платите на новинарите во националните приватни телевизии. Сепак, за разлика од дел од приватните медиуми, редовноста на исплатата на платите на вработените во МРТ никогаш не била проблематична, ниту, пак, сигурноста на нивните работни места, која е загарантирана со потпишаните договори за работа.

Општа оценка е дека положбата на новинарките во редакциите не се разликува многу од положбата на новинарите. Нема податоци за тоа колку новинари и новинарки имаат потпишано работни договори, но се смета дека работодавачите, генерално, кога станува збор за новинарките вработени на неодредено време, ги почитуваат основните права што им се пропишани со законот. Факт е дека родовата дискриминација и неповолната позиција на жените, во споредба со таа на мажите, на работното место честопати не се препознава од страна на самите новинарки. Но, постојат медиуми во земјава како МИА (Медиумска информативна агенција) и ИРЛ (Истражувачка репортерска лабораторија), каде што жените се побројни од своите колеги новинари, а имаат и значајна улога во редакцијата.

Новинарите се плашат да ги тужат менаџерите или медиумските сопственици кога се прекршуваат нивните работнички права. Во 2022 година немаше ниту еден случај новинар да тужи раководно лице за мобинг, ниту има правосилна пресуда за вакво дело. Новинарите во редакциите најчесто не добиваат бесплатна правна помош во ситуации кога се тужени за клевета или навреда. Во таквите ситуации, ЗНМ им обезбедува бесплатна правна помош и застапување во постапките пред судовите во земјава. Мал број приватни медиуми имаат синдикални организации, односно кај новинарите сè уште постои страв или незаинтересираност за синдикално организирање во медиумот во кој работат. Исклучок е јавниот радиодифузен сервис, каде што новинарите се организирани во посебен синдикат што не е дел на ССНМ. Не постојат колективни договори во приватните медиуми, ниту на ниво на индустрија.

II

# Превенција

3,83




1.00
2.00
3.00
4.00
5.00
6.00
7.00

Не постојат институционални механизми за непосредна заштита на новинарите во случаи на закани и напади, функционери поттикнуваат напади врз новинари, а полицајци се однесуваат крајно грубо кон новинари.

Воспоставени се сите институционални механизми за непосредна заштита на новинарите во случај на напади, функционери јасно и систематски ги обесхрабруваат нападите врз новинарите, а полициските власти ги третираат новинарите со почит.

# Новинарите и медиумските актери имаат пристап до непосредни и ефективни заштитни мерки кога се изложени на закани

**Резултат за 2021: 3,34 / Резултат за 2022: 3,75**

**Во текот на 2022 година имаше извесно подобрување во поглед на пристапот на новинарите до брзи и ефективни мерки за заштита на новинарите во случаи на закани и напади. Назначен е посебен обвинител при Основното јавно обвинителство, надлежен да го следи постапувањето во предметите во кои се нападнати новинари, а отворена е и посебна линија на која можат да се јават новинари. Сепак, телефонската линија при МВР, воведена во 2018 година, за пријавување напади од страна на новинари не профункционира ниту во 2022 година. Од регистрираните седум напади врз новинари, само за два беа завршени постапките со судска пресуда со која се санкционираат напаѓачите.**

Во 2018 година, Министерството за внатрешни работи воспостави прва телефонска линија за поддршка на новинарите и медиумските работници, во соработка со Мисијата на ОБСЕ и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ). Целта беше да им се обезбеди поддршка и совети на новинарите и на медиумските работници во случаи на уцени, закани, вербални или физички напади, онлајн-напади, родово базирано насилство, уништување личен и професионален имот и напади на редакции и домови на новинари. Меѓутоа, повеќе од две години, оваа телефонска линија не функционира, а пријавите за онлајн-напади или говор на омраза кон новинари се поднесуваа до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР.

Во септември 2022 година е остварен мал напредок во тој поглед, бидејќи Основното јавно обвинителство номинираше надлежен обвинител да го следи постапувањето во предметите во кои се нападнати или оштетени новинари. Воведена е и отворена линија во Јавното обвинителство, преку која новинарите можат да контактираат со надлежниот обвинител во врска

со постапките за физички напади и насилство, како и за сериозни закани по нивниот живот упатени преку социјалните мрежи. Намера на Јавното обвинителство на РСМ е во следниот период да назначи обвинители за заштита на новинари и во други градови од внатрешноста.

Според регистарот на ЗНМ, регистрирани се вкупно седум закани и напади во 2022 година, од кои една беше упатена преку социјалната мрежа Твитер. Откако беше пријавена до МВР, Јавното обвинителство поведе постапка против сторителот, која сѐ уште е во тек. ЗНМ има информација дека за дел од другите регистрирани случаи веќе се изречени осудителни пресуди (на пример за нападот со секира врз новинар и снимател и за нападот врз снимател од страна на физичко лице). Сепак, според ЗНМ, соработката со надлежните институции не е на задоволително ниво, тие не ги водат истрагите доволно ефикасно и ретко кога ги гонат сторителите на закани и напади по службена должност. Особено загрижува говорот на омраза и етикетирањето новинари и медиумски работници од страна на политичари и од други носители на јавни функции.

— ИНДИКАТОР 2.2

# Новинарите и другите медиумски актери (чии животи или физички интегритет се во реален и непосреден ризик) имаат пристап до специјални механизми за заштита/безбедност

**Резултат за 2021: 3,42 / Резултат за 2022: 3,42**

**Во текот на 2022 година немаше промени во поглед на пристапот на новинарите до мерки за физичка заштита во случаи на сериозни закани по нивната безбедност. Не е доволно јасно колку таквата процедура е практично применлива. Постојат одредби во законот, но постапката за проценка на ризикот не е јасно дефинирана.**

Законот за кривична постапка на РСМ содржи одредби со кои во текот на истражната постапка се уредува постапувањето на правосудните органи, со цел да се оневозможи „обвинето лице да го опструира водењето и непреченото одвивање на кривичната постапка и заштитата на жртвата". Од формално-правен аспект, станува збор за мерките на претпазливост уредени во членот 146 од Законот за кривична постапка, поконкретно став 1, точка 6, кој гласи „... 6) забрана за приближување или воспоставување, односно одржување контакти или врски со определени лица", а се применува единствено кога има познат сторител на кривично дело, кога има конкретна кривична пријава и кога е почната постапка. Овие мерки на претпазливост се предлагаат од јавен обвинител, а ги определува судија во претходна постапка, врз основа на оценка за сериозноста на ситуацијата, видот на кривичното дело, опасноста за жртвата и др.

— ИНДИКАТОР 2.2

Според тоа, во законот постои генерален механизам за заштита што новинарите би можеле да го користат во случај на сериозна закана по нивниот живот, но тоа, според правните експерти, е практично остварливо само доколку лицето што се заканува е познато, а не и во ситуации на непознат сторител. Во 2022 година не се регистрирани случаи во кои новинари имаат побарано да се воведат мерки за физичка заштита од страна на Министерството за внатрешни работи.

— ИНДИКАТОР 2.3

# Новинарките имаат пристап до законски мерки и механизми за поддршка кога се соочуваат со родово засновани закани, малтретирање и насилство

**Резултат за 2021: 3,64 / Резултат за 2022: 3,64**

**Во 2022 година, состојбата во поглед на овој индикатор не беше променета. И покрај мерките вградени во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, во праксата сè уште не беше воспоставен механизам за бесплатна правна помош за која било жртва на родово засновани напади и насилство, вклучувајќи ги и новинарките. До ЗНМ во 2022 година е пријавена само една закана кон новинарка, иако нивниот број е реално многу поголем..**

Во Северна Македонија, Истанбулската конвенција е ратификувана во 2018 година, а нејзините одредби се вградени во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство изготвен во текот на 2020 година,  усвоен во јануари 2021 година. Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство забранува секаков вид родово-базирано насилство врз жените и гарантира основни механизми за ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родово-базирано насилство. Исто така, овој закон содржи и обврска за институциите за воспоставување превентивни мерки за спречување и заштита од кој било вид родово-базирано насилства и за бесплатна правна помош за жртви на родово-базирано насилство. Таков посебен механизам на меѓуинституционално ниво за обезбедување правна помош на жртвите на родово засновани напади или насилство, вклучително и на новинарки, сè уште не беше воспоставен во текот на 2022 година. Во контекст на спроведување на овој закон надлежно е Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија.

— ИНДИКАТОР 2.3

Според праксата на ЗНМ, новинарките што биле жртви на вознемирување, напади или закани врз родова основа, досега тоа го пријавуваа главно во МВР, но и во ЗНМ. Во регистарот на напади што го води ЗНМ за 2022 година е регистрирана само една пријава од новинарка. За случаи на дискриминација на работното место, новинарките можат да се обратат и до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Меѓутоа, според сознанијата на ЗНМ, новинарките ретко ја користат оваа можност, најверојатно од страв дека потоа можат да трпат последици на работното место.

# Воспоставена е практика на редовна јавна осуда за закани и напади врз новинари и медиуми

**Резултат за 2021: 3,78 / Резултат за 2022: 3,58**

**Има мало влошување на состојбата во поглед на овој индикатор, бидејќи се регистрирани примери на вербални напади врз новинари од страна на носители на јавни функции. Инаку, генерална оценка е дека во минатите години е воспоставена пракса на јавна осуда на нападите врз новинарите, но недостасува усогласеност во таквата пракса меѓу сите релевантни политички и владини претставници. Носителите на јавни функции главно се воздржуваат од вербални напади врз новинари, со исклучок на одделни случаи..**

Општа оценка е дека атмосферата во која работат новинарите воопшто, вклучувајќи ги и тие што истражуваат корупција е далеку послободна. Востановена е пракса на јавна осуда на нападите врз новинари од страна на носителите на јавни функции, но има и спротивни примери што се забележани и во 2022 година. Станува збор за случаи кога пратеници, политичари или лидери на политички партии јавно девалвираа или омаловажуваа новинари на прес-конференции, партиски митинзи или, пак, на социјалните мрежи. Најизразен негативен пример на девалвирање на новинарите беше оној на лидерот на политичката партија Левица, Димитар Апасиев, кој се служеше со стигматизирачки и навредлив говор кон новинарите (нарекувајќи ги дури „проститутки“), во знак на незадоволство од начинот на кој известуваат од меѓувладината конференција во Брисел.

Вториот пример е непримерната комуникација на Христијан Мицкоски, претседателот на опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ, кој јавно ги омаловажуваше новинарите што известуваат за билатералниот спор со Бугарија. Тој, во својот партиски говор на митингот одржан пред Владата во јули 2022 година, за новинарите употреби навредливи и омаловажувачки изрази: „Нè лажеа дека не преговараат за јазикот, дека не преговараат за идентитетот, а денес оние платени, за волја на вистината, малкумина владини пера, преку мали колумнички, нè

убедуваат дека триумфирале по којзнае кој пат“. ЗНМ реагираше за овие два случаи, укажувајќи дека јавното етикетирање на новинарите и на медиумите, посебно од страна на претседатели на политички партии, негативно се одразува врз слободата на медиумите и придонесува за цензура и за самоцензура кај новинарите.

— ИНДИКАТОР 2.5

# Полициските власти се сензитивни на прашањето за заштита на новинарите

**Резултат за 2021: 4,61 / Резултат за 2022: 4,77**

**Полицијата, во текот на 2022 година, покажала коректно однесување кон новинарите и медиумите во различни ситуации, па оттаму состојбата, во поглед на овој индикатор, е малку подобрена. Се внимава заедничките обуки со полициските службеници да содржат теми поврзани со човековите права, а меѓународните стандарди за однесувањето на полицијата кон новинарите и медиумските работници се вградени во законите и во кодексите според кои работи полицијата.**

Меѓународните стандарди за почитување на човековите права се вградени во Кодексот на полициската етика, Законот за полиција и други релевантни закони. Обуката на полициските службеници што се спроведува во рамки на МВР содржи и модули што се однесуваат на запознавање со основните човекови права утврдени со ратификуваните меѓународни договори и конвенции. Покрај тоа, ЗНМ и МВР заеднички спроведоа специфични обуки за запознавање на полициските службеници со улогата на новинарите во демократското општество.

Во декември 2017 година е потпишан Меморандум за соработка, а во декември 2019 година е воспоставен и Протокол за соработка меѓу ЗНМ и Министерството за внатрешни работи, чија главна цел е развивање, одржување и промовирање на добрите односи меѓу медиумските работници и полициските службеници. Во 2022 година, соработката меѓу ЗНМ и МВР, при организирањето обуки, се реализираше со намален интензитет. Беа одржани две обуки заедно со Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и командири на полициски станици од Скопје. Во 2022 година, ЗНМ, во соработка со МВР, изготви Протокол за безбедност во онлајн-просторот за новинарките.

Во контекст на оваа соработка, ЗНМ објави неколку прирачници, кои, освен за новинари, се наменети и за полициски службеници. Во текот на 2022 година не се

— ИНДИКАТОР 2.5

регистрирани посериозни проблеми во однесувањето на полицијата кон новинарите и медиумите.

III

# Процес

**3,31**




1.00
2.00
3.00
4.00
5.00
6.00
7.00

Институциите не истражуваат и не санкционираат напади врз новинари, вклучително и онлајн-малтретирање, закани по животот и физичката безбедност на новинарите и физички напади врз новинари и медиуми.

Институциите се целосно ефикасни и транспарентни во истрагата и санкционирањето на нападите врз новинарите, вклучително и за онлајн-малтретирање, закани против животите и физичката безбедност на новинарите и физички напади врз новинари и медиуми.

# Специјализираните истражни единици и/или службеници се опремени со соодветна експертиза за истражување напади и насилство врз новинари

**Резултат за 2021: 3,29 / Резултат за 2022: 3,43**

**Перцепцијата за соработката меѓу надлежните институции во 2022 година беше подобрена и резултираше со нивна ефикасност во откривањето на сторителите на нападите, но, сепак, сè уште не е на задоволително ниво. Јавните обвинители се мошне инертни во поглед на отпочнувањето на постапките. Сè уште не се усвоени посебни упатства што можат да помогнат за поефикасно водење на истрагите. Мала позитивна промена е назначувањето посебна надлежна обвинителка, која ќе го следи постапувањето во предметите во кои се нападнати новинари..**

Благодарение на инсистирањето на ЗНМ во изминативе две години, во октомври 2022 година имаше промена на состојбата во поглед на подобрувањето на ефикасноста на истрагите во случаите на закани и напади врз новинари. Позитивна промена е назначувањето на обвинителката Искра Хаџи Василева за надлежна обвинителка, која ќе го следи постапувањето во предметите во кои се нападнати новинари. Преку востановената посебна линија за комуникација со Јавното обвинителство, новинарите ќе можат да се информираат за текот на постапките за физички напади и насилство.

Сепак, сè уште не постојат посебни упатства усвоени од МВР и од Јавното обвинителство за ефикасно откривање и гонење на сторителите на нападите и заканите врз новинари. Одделни насоки во овој поглед се содржани во прирачниците што ЗНМ ги изработи во соработка со МВР: „Прирачникот за безбедност на новинарите за време на настани со висок ризик“, „Упатството за професионално

известување за насилниот екстремизам и тероризам" и „Протоколот за информирање за случаи поврзани со насилен екстремизам и тероризам". Во 2022 година, ЗНМ, во соработка со МВР, изработи и „Протокол за безбедност на новинарите (со фокус на новинарките) на интернет".

Втор проблем е што надлежните институции сè уште недоволно соработуваат и ретко кога покренуваат обвиненија кон сторителите на закани или напади, а во случаите кога се покренати истраги, тие се водат бавно и неефикасно. Затоа, во комуникацијата со МВР и ОЈО, ЗНМ постојано инсистира да се зајакне соработката меѓу нив и лицата што ќе бидат делегирани да бидат добро обучени со примарен фокус на постапувањето во случаите на напади и загрозувањето на безбедноста на новинарите и медиумските работници.

— ИНДИКАТОР 3.2

# Истрагите за сериозни физички напади врз новинари и други медиумски актери се спроведуваат ефикасно (независно, темелно и навремено)

**Резултат за 2021: 3,32 / Резултат за 2022: 3,49**

**Иако неказнивоста е сè уште голем проблем, постигнат е извесен напредок во 2022 година, пред сè поради брзото и ефикасно санкционирање на една сериозна закана и еден физички напад врз новинар и сниметел. Сепак, останува проблемот на бавните и неефикасни истраги, а за одделни напади врз новинари и воопшто не се покренати обвиненија.**

Според регистарот на ЗНМ, од почетокот на 2022 година регистрирани се вкупно седум напади и груби закани кон новинари, за разлика од минатата година, кога беа регистрирани вкупно пет. За првиот физички напад регистриран во февруари 2022 година, кога беа нападнати снимателот и новинарот на ТВ Полог, спроведена е брза истрага, која заврши со судска осудителна пресуда за напаѓачот. Исто така, кон крајот на 2022 година, судот пресуди во корист на снимателот на ТВ24 и го осуди напаѓачот, кој на судењето призна вина за физичкиот напад. За другите пет напади, од кои три се пријавени во МВР, ЗНМ сè уште нема информација за правна разрешница.

Тоа покажува дека неказнивоста сè уште е голем проблем, пред сè поради недоволните капацитети и соработка на надлежните институции. Од страна на полицијата, дел од нападите и заканите бргу се процесираат, но потоа постапката запира или е многу бавна кога треба да се покренат обвиненија. Мошне ретко се случува истрагата да заврши со судска одлука во која се казнуваат сторителите на закани или напади. Сторителите на нападите врз новинарите вообичаено не се гонат по службена должност, што ги принудува

новинарите да покренуваат приватни тужби. Сепак, важно е да се одбележи дека првиот позитивен пример беше во декември 2021 година, кога беше донесена судска пресуда со која беше изречена санкција за лице што упати сериозна онлајн-закана кон сите новинари напишана на фејсбук-страницата на ЗНМ. Тоа беше прв пример, обвинителството и судот целосно да истражат и да санкционираат сериозно дело изречено преку онлајн-платформа кон новинари. Се очекува зголемување на ефикасноста во покренувањето и спроведувањето на истрагите за случаите на нападите и заканите врз новинари со назначувањето на надлежната обвинителка.

— ИНДИКАТОР 3.3

# Новинарите и другите медиумски актери се ефикасно заштитени од разни форми на малтретирање преку интернет

**Резултат за 2021: 3,46 / Резултат за 2022: 3,46**

**Во текот на 2022 година не е забележано подобрување на заштитата на новинарите од онлајн-закани, од причина што надлежните институции не реагираа доволно брзо и ефикасно да се пронајде и да се санкционира сторителот на сериозна онлајн-закана по животот упатена преку социјалната мрежа Твитер**

Согласно Кривичниот законик на РСМ, онлајн-нападите врз новинарите можат да се санкционираат по два основа. Прво, според членот 394–г, ширењето содржини со ʻговор на омразаʼ во јавноста, преку компјутерски систем, против кое било лице или група врз различни основи, вклучително и врз основа на ʻличен и општествен статусʼ, се казнува со затвор од една до пет години. Во членот не е експлицитно употребен терминот ʻговор на омразаʼ, туку поширок опис на содржини во кои спаѓаат: расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија што помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство. Второ, според членот 144 став 1,  секоја сериозна закана за напад врз нечиј живот или тело или животот или телото на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци. Покрај тоа, според ставот 4 на истиот член, секој што ќе упати закана по пат на информатички систем, дека ќе стори кривично дело (за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна) против кое било лице или група врз различни основи, вклучително и врз основа на „личен и општествен статус", ќе се казни со казна затвор од една до пет години. Органите на прогонот ќе покренуваат обвиненија по став 4 од чл. 144 од КЗ само доколку постои експлицитна закана за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над 5 години. Токму поради овие причини, предложени се измени во Кривичниот законик за да му се овозможи на ОЈО да постапува и да гони секаков вид (онлајн и офлајн)

закани кон новинари, со квалификувана форма на ова кривично дело (построги санкции за закани кон новинари). До крајот на 2022 година, овие измени на Кривичниот законик сѐ уште не беа усвоени во Собранието.

Причината поради која многу случаи на напади врз новинари најчесто остануваа нерешени и придонесуваа кон создавање клима на неказнивост беше тоа што новинарите ретко се одлучуваа приватно да тужат за закана или за малтретирање. Според статистиката на ЗНМ, вкупниот број регистрирани закани и напади во 2022 година изнесуваше седум, од кои една била упатена преку социјалната мрежа Твитер и била закана по животот на новинарот Фуркан Салиу. Заканата била пријавена до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР, но потоа не е спроведена ефикасна натамошна истрага за да се санкционира лицето што ја упатило заканата.

— ИНДИКАТОР 3.4

# Истрагите за сите видови напади и насилство врз новинари и други медиумски актери се спроведуваат транспарентно

**Резултат за 2021: 3,09 / Резултат за 2022: 3,09**

**Состојбата во поглед на транспарентноста на судските постапки во кои странки се новинари е иста. Основниот граѓански и кривичен суд во Скопје не даваат детални информации за судските постапки за нападите врз новинари. Судовите немаат практика да ја информираат јавноста за постапките поврзани со нападите врз новинари и медиуми. Постојниот информациски систем не дава можност за прецизно пребарување на минатите и тековните постапки во кои странките се новинари.**

Судовите не се доволно транспарентни во поглед на водењето на судските постапки за напади врз новинари или медиуми. Правосудството е поотворено и потранспарентно отколку пред пет години, но, сепак, тоа не е доволно. Овие позитивни придвижувања не се должат на систематско подобрување, донесена стратегија или спроведена реформа, во смисла на зголемување на транспарентноста и јавноста на правосудството, туку тоа повеќе се должи на личен придонес на поединци да го зголемат степенот на транспарентност во работата на институциите што ги претставуваат. Повеќе се води сметка за овозможување формална отколку суштинска транспарентност во правосудството. Квалитетот на сегашната правна рамка недоволно придонесува за оптимална транспарентност и за отвореност на правосудниот сектор. Основниот граѓански и кривичен суд во Скопје не обезбедува детални информации за судските постапки за напади врз новинари што се случиле во минатите години. Судовите немаат пракса да ја информираат јавноста за постапки што се водат против новинари или во кои новинарите се странки како предмет на напади или закани.

— ИНДИКАТОР 3.3

Информацискиот систем за автоматско управување со предмети (АКМИС) не дава можност за прецизно пребарување на минати и тековни постапки во кои странки се новинари и на тој начин јавноста потешко доаѓа до овие информации. Во текот на 2021 година, ЗНМ успеа од Основниот граѓански суд да добие само информација за тоа дека има вкупно педесет и четири активни предмети за делата клевета и навреда, во кои како странка се јавува новинар или медиум.

— ИНДИКАТОР 3.5

# Системите за собирање квалитетни статистички податоци се воспоставени од државните органи за да се спречи неказнивоста

**Резултат за 2021: 3,41 / Резултат за 2022: 3,41**

**Состојбата не е променета во споредба со минатата година. Судовите и надлежните институции, и покрај иницијативите на ЗНМ, сè уште немаат воспоставено квалитетни статистички системи, врз основа на кои можат да доставуваат прецизни податоци за сите судски постапки во кои странка се новинари или медиуми.**

Министерството за внатрешни работи нема воспоставено регистар на статистички податоци за нападите и заканите врз новинари. Ниту граѓанскиот, а ниту кривичниот суд во Скопје не се во можност да дадат детални информации во врска со предметите во кои новинарите се јавуваат како странка во постапките. Базите на податоци на судовите не дозволуваат пребарување на податоците според различни критериуми. Нивното оправдување е дека новиот систем за водење на предметите (АКМИС) се базира на кодови, а не на имиња и на професии на странките.

# IV

# Вистинска безбедност

**4,09**



— ИНДИКАТОР 4.1

# Закани и малтретирање што не се однесуваат на физичката безбедност

**Резултат за 2021: 3,97 / Резултат за 2022: 3,87**

**Иако во 2022 година имаше мало подобрување во поглед на бројот на напади од оваа категорија, сепак степенот на неказнивост за ваквиот тип напади сѐ уште е висок во земјава. За разлика од 2020 година и 2021 година, кога ЗНМ регистрираше седум, односно три напади од ваков тип, во 2022 година се регистрирани само два напади врз новинари. Меѓутоа, од десетте напади што се случија во претходните две години, во 2020 и во 2021 година, само два имаат судска разрешница.**

- Вербален напад и упатени погрдни зборови кон новинарката Маја Јовановска на барање да одговори на прашање од раководителот на Одделението за урбанизам во Општина Маврово Ростуше, Садредин Елезоски.

- Вработени во дирекцијата на Комунална хигиена Скопје, против волјата на двајцата новинари Фуркан Салиу и Авни Тахири ги задржале во просториите на институцијата. Во 2021 година имаше мало подобрување во контекст на ваквиот тип напади кон новинарите и медиумските работници во земјава за разлика од 2020 година, кога ЗНМ регистрира седум.

Меѓутоа, важно е да се истакне и дека од вкупно 10 напади од оваа категорија што се случиле во 2020 и во 2021 година, само за дел се покренати постапки, односно само за два има судска разрешница. Тоа покажува дека, и покрај намалувањето на бројот на вакви напади во 2022 година, нивното санкционирање е сѐ уште неефикасно.

— ИНДИКАТОР 4.2

# Закани против животот и физичката безбедност на новинарите

**Резултат за 2021: 3,93 / Резултат за 2021: 3,69**

**Кај овој индикатор има извесно влошување на состојбата, пред се поради неефикасното санкционирање на заканите што се случија во претходните години.  Од четири закани од ваков тип,  само во еден случај имаше постапување од страна на обвинителството и постапката сè уште е незавршена. Во споредба со 2021 година, кога ЗНМ имаше забележано само една закана, во 2022 година се забележани две закани по животот и безбедноста на новинари.**

- Експлицитната смртна закана упатена кон новинарот Фуркан Салиу на социјалната мрежа Твитер.
- Во средното училиште „7 Март“, ,новинарот Неврij Адеми,  додека чекал да сними прилог со директорот на ова училиште, од страна на непознато лице му бил одземен мобилниот телефон и му бил турнат микрофонот. Веднаш потоа, истото лице, користејќи груб речник, се обидел да го истурка новинарот надвор во училишниот двор.

Во 2020 и во 2021 година се случиле  четири напади од ваков тип, а само за еден случај била иницирана постапка од страна на обвинителството. Станува збор за случај од 2021 година, кога физичко лице на својот фејсбук-профил упатило сериозна закана кон неколку онлајн-медиуми. Сепак, постапката сè уште не била завршена до крајот на 2022 година. Тоа покажува дека дури и сериозните закани кон новинари сè уште неефикасно се санкционираат во земјава.

— ИНДИКАТОР 4.3

# Вистински напади

**Резултат за 2021: 4,25 / Резултат за 2022: 4,25**

**Споредбено со 2021 година, кога ЗНМ забележа само еден напад од ваков тип, во 2022 година има зголемување, односно регистрирани се три напади од ваков тип. Но, во 2022 имаме позитивна пракса со спроведувањето на истрагата и постапувањето на правосудните органи, за разлика од минатите две години 2020 и 2021, кога за три пријавени напади нема ниедна судска разрешница.**

- Физички напад со секира кон новинарот Неври Адеми и сниметелот Збулим Максути.
- Физички напад пред куќата на сопственикот на порталот од страна на две маскирани лица.
- Вербален и физички напад врз снимателот Љубиша Игнатов од страна на Миле. П, сопственик на куќата каде што живее Олександр Онишченко.

За случајот со новинарот Неври Адеми и снимателот Збулим Максути беше покрената истражна, а потоа и судска постапка, која заврши со осудителна пресуда за напаѓачот. Меѓутоа, трите случаи на физички напади врз новинари од 2020 и 2021 година не се истражени и санкционирани од страна на правосудните органи.

— ИНДИКАТОР 4.4

# Закани и напади врз медиуми и новинарски здруженија

**Резултат за 2021: 4,53 / Резултат за 2022: 4,53**

**ЗНМ во 2022 година не регистрираше напади од ваков тип. Споредбено со минатите години во оваа димензија, за овој индикатор ситуацијата останува непроменета.**

Наслов
Индекс на безбедноста на новинарите на Западен Балкан
Република Северна Македонија – Наративен извештај 2022

Издавач
Здружение на новинарите на Македонија

ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

Автор
Милан Спировски

Правен експерт
Иван Брешковски

Медиумски експерт
Марина Тунева

Лектор
Маја Катарова-Апостолова

Дизајн
comma.rs

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од страна на Европската Унија и Civil Rights Defenders. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружението на новинарите на Македонија и на никаков начин не смее да биде поврзана дека ги одразува ставовите на Европската Унија и на Civil Rights Defenders.

CIVIL
RIGHTS
DEFENDERS